ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# Известување до програмерските фирми кои ги изработуваат/одржуваат софтверските решенија на избраните матични лекари

Се известуваат сите програмерски фирми/програмери кои ги изготвуваат/одржуваат софтверките решенија кај избраните лекари (општи лекари, гинеколози и стоматолози), дека во апликациите кои ги имаат избраните лекари е потребно да се овозможат следниве функционалности:

1. Печатење на факсимилот на лекарот/лекарите како бар код преку апликација на рецепниот образец
2. Печатење на податоците кои се содржани на рецептот од апликација
3. Печатење на рецепт за пациентите од страна на замената на нивниот избран матичен лекар преку внес на податоците за пациентот во апликација кои се содржани на рецептот
4. Внес на податоците за пациентите од избраниот матичен лекар кај неговата замена преку автоматско вчитување на податоци од дискета, usb стик со цел да се овозможи побрзо печатење на рецептите од апликација за пациентите на кои лекарот е замена

Функционалностите од точките 1, 2, 3 се задолжителни, додека функционалноста наведена во точка 4 е препорачлива да се направи со цел да се скрати времето на рачен внес на податоците во апликација за пациентите кај лекарите кои се замена за избраниот лекар на пациентите.